Во последното деноноќие има 168 нови заразени и тројца починати.

Македонија поради неспособноста на власта на Заев е Ломбардија на Балканот и рекоред по смртност и заразени на еден милион жители.

Тоа е резултат на неодговорноста и криминогеноста на Заев и неговата власт. Тој беше посветен на градење на коруптивно рекетарски систем, наместо да се интересира за здравството или било која друга област во државата.

Народот слушна дека диктира истраги и одлуки на истражни органи.

Народот слушна како бара евро за Вицето.

Народот слушна како во државата се трампа правдата за милиони евра.

Народот слушна сведоштво дека рекетираните пари во Македонија завршувале кај Зоран и Вице Заеви.

Народот слушна сведоштво дека подземјето рекетирало и палело возила по наредба на Заеви.

Сето ова и уште многу други криминални шеми биле директно заштитувани од страна на Заев. Затоа Македонија тоне во секој аспект. Затоа сме најкорумпираната држава во Европа, затоа парите наместо во здравството, образованието, земјоделството завршувале на врвот на криминалната пирамида.

СДСМ и Зоран Заев покажаа дека можат само повеќе криминал, повеќе рекет, повеќе корупција, повеќе порази и повеќе понижувања!

Да ставиме крај на виткањето на кичмата!

#ИсправиСеМакедонијо

#ОдбериОбнова

**ВМРО-ДПМНЕ**